Мапи... 

# Република Македонија
# Министерство за информатичко општество и администрација

[redacted]

**ПРЕДМЕТ: Повик за доставување придонес кон првиот полугодишен извештај за имплементација на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022 со Акцискиот план**


Министерство за информатичко општество и администрација

Архивски бр. 09/2-4345/2
Дата: 10.08.2018 година
бул."Св. Кирил и Методиј" бр.54
1000 Скопје, Република Македонија
Тел. (02) 3200 944 Факс. (02) 3221 883
Е-пошта: contact_mis@mis.gov.mk
Сајт: www.mio.gov.mk


Почитувани,

Согласно Стратегијата за реформа на јавната администрација (2018-2002), која беше усвоена од страна на Владата на Република Македонија на 20 февруари 2018 година, Министерството за информатичко општество е надлежно за подготвување на полугодишни и годишни извештаи за степенот на спроведување на мерките и активностите и постигнување на планираните резултати утврдени со Стратегијата и Акцискиот план. Извештаите ќе се подготвуваат врз основа на информациите и податоците од следењето на спроведувањето на мерките и активностите доставени од страна на надлежните водечки органи/институции утврдени во Акцискиот план, достапен на http://www.mioa.gov.mk/sites/default/files/pbl_files/documents/strategies/ap_srja_2018-2022_20022018_mk.pdf.

Во моментов МИОА работи на првиот полугодишен извештај за спроведување на СРЈА. Извештајот ќе ги опфати **првите 2 квартали од 2018 година (јануари – јуни)** и ќе известува за:

- активностите со рок за спроведување (извршување) до крајот на вториот квартал; и за
- активности кои отпочнале во првиот и вториот квартал, но се со рок на извршување во третиот или четвртиот квартал. Во вториов случај ќе се известува дали активностите течат согласно предвидената динамика и дали може да се очекува дека ќе се спроведат во рок.

**Република Македонија**
**Министерство за информатичко општество и администрација**

[redacted]

Министерство за информатичко општество и администрација

Архивски бр.
Дата: ____________.2018 година
бул."Св. Кирил и Методиј" бр.54
1000 Скопје, Република Македонија
Тел. (02) 3200 944 Факс. (02) 3221 883
Е-пошта: contact_mis@mis.gov.mk
Сајт: www.mio.gov.mk

За обезбедување квалитетен извештај и инкулзивност во процесот на подготовка на истиот, согласно Стратегијата, МИОА упатува **повик** до граѓанските организации кои спроведуваат активности поврзани со следење на активностите предвидени со Акцискиот план на Стратегијата **за доставување придонес кон првиот полугодишен извештај,** во однос на согледувања/информации/податоци за степенот на спроведувањето на активностите од АП во временската рамка како што е наведено погоре.

Ве молиме Вашиот придонес во електронска и хартиена форма да ги доставите до Министерството за информатичко општеството и администрација **најдоцна до 17 август 2018 година** на следната меил адреса: amina.shkrijelj@mioa.gov.mk.

Ви благодариме на соработката.

Со почит,

**Државен секретар**
**м-р Јахи Јахија**